**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Зорица Симиќ**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул.Пролет бр.11А/1-5**
**тел. 02/3222-532;**
**info@izvrsitelsimik.mk**

**Образец бр.29**

**И.бр.1727/2024**

Извршителот Зорица Симиќ од Скопје, ул.Пролет бр.11А/1-5 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стопанска банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул.11 Октомври бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ бр.159/23 од 07.03.2023 година на Нотар Елена Пенџерковски од Скопје, против должниците Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги АЛ-ЗО КОП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје со ЕДБ 4080021596009 и ЕМБС 7487967 и седиште на ул.Павел Шатев бр.10 и Зорица Јанева од Кавадарци со живеалиште на ул.Словенска бр.54, за спроведување на извршување во вредност 12.941.152,00 денари на ден 07.04.2026 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

| ред бр. | опис на осн.сред | произво дител | тип/модел | број на шасија/ фабрички број | тип на мотор | сил.на мотор | Год. про. | процен вредн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | kw | | EUR € |
| 1 | Градежна машина - булдожер | HSW DRESSER | TD40E | 4600001P000529 | / | / | / | 7.500 |
| 2 | Градежна машина - истоварач-дампер | CATERPILLAR | D400 E-II | 8PS00626 | 3406E | 302 | / | 6.500 |
| 3 | Градежна машина - истоварач-дампер | CATERPILLAR | D400 E-II | 8PS00625 | 3406E | 302 | / | 5.000 |
| 4 | Полуприколка-цистерна | UTVA | CPP33BG/A.S | V2YPC33M3FS012241 | / | / | / | 1.800 |
| 5 | Градежна машина - истоварач-дампер | CATERPILLAR | D400 E-II | 8PS00846 | 3406E | / | 2000 | 11.800 |
| 6 | Градежна машина - истоварач-дампер | CATERPILLAR | D400 E-II | 8PS00844 | 3406E | / | 2000 | 11.800 |

во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, намалени по предлог на доверителот согласно чл.110 став 2 од ЗИ, кои вредности претставуваат почетни цени за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Заложно право во корист на заложниот доверителот Стопанска банка АД Скопје и Записник за попис и процена на подвижни предмети.

Продажбата ќе се одржи на ден 23.04.2026 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Зорица Симиќ од Скопје, ул. Пролет бр.11А/1-5.

Напомена: Предност на јавното наддавање имаат купувачите кои ќе учествуваат како понудувачи за сите градежни машини.

Учесниците на продажбата се должни да уплатат 1/10 од почетната цена на име гаранција, на трансакциска сметка со број 210076994090253 која се води кај НЛБ банка АД Скопје на име на Извршител Зорица Симиќ.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат со претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на наддавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Зорица Симиќ

Д.-на: - должник
- доверител
- архива на извршител

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.